# Проект: Борба против нелегална сеча на шумите

## РЕЗИМЕ од главните точки за дискусија на координативниот состанок одржан во Скопје на 26 ноември 2025 година

Присутни на состанокот:

- Jason Parker, US Embassy
- Александра Г. Гиноска, US Embassy
- Никола Јолески, ОЈО Струга
- Елма Сулејман, ОЈО Скопје
- Зоран Маркоски, ОЈО Куманово
- Емрах Михтароски, ОЈО Кичево
- Лазаревски Славчо, Шумска полиција
- Ристовски Даниел, Шумска полиција
- Данка Ристова, Судски совет
- Џенета Бектовиќ, Судски совет
- Здравко Трајанов, Генерален Директор, ЈП Национални шуми
- Кире Михаилов, Заменик Генерален Директор, ЈП Национални шуми
- Игор Стојановски, Пом. Директор, ЈП Национални шуми
- Горан Личовски, МЗШВ, сектор шумарство и ловство
- Кристина Јованова, ОБСЕ
- Воислав Тодоров, US Forest Service, регионален претставник
- Иван Минчев, РЕФОРД, претседател
- Сашо Петровски, РЕФОРД, проектен координатор

На состанокот се презентираа воведни презентации за проблемот со нелегална сеча на шумите, а потоа и претставници на ЈП Национални шуми и Шумска полиција ги презентираа главните проблеми со кои се соочуваат во заштита на шумите од нелегална сеча, имајќи ја предвид нивната примарна законска надлежност која им е дадена според Закон за шумите.

Потоа се презентираа и главни наоди од спроведувањето на проектот Борба против нелегална сеча на шумите, со што се отворија теми за дискусија на учесниците на состанокот.

**Кои се главните причини за неефикасноста во заштитата на шумите?**
Според наодите од многуте состаноци одржани во рамките на проектот, главните причини се корупција во институциите, неефикасност на шумската полиција и шумочуварската служба, слаба ефикасност на Јавното обвинителство, лоша работа на Судовите и на највисоко ниво се смета дека постои слаб интерес и недостаток на политичка волја за посилен одговор кон илегалната сеча на шумите.

**Како се оценува спремноста на шумската полиција за справување со нелегалната сеча?**
Според наодите од многуте состаноци одржани во рамките на проектот, спремноста на припадниците на шумска полиција варира. Многу од нив се постари лица и не се физички спремни да извршуваат задачи на терен. Редовната обука за употреба на огнено оружје изостанува, а опремата не е соодветна (старо оружје, со калибар кој не е подобен за полициски задачи). Кај дел од нив е констатирано и дека не се психички спремни за евентуална потреба од примена на физички контакт со прекршителите или пак уптреба на огнено оружје. Оваа состојба е уште полоша кај припадниците на шумочуварската служба во ЈП Национални шуми.

**Кои технологии се препорачуваат за подобрување на контрола на нелегалната сеча?**
Препорачани се употреба на:
- фото и видеокамери за надзор на шумите;
- видео и аудио снимање на шумските полицајци кои се на смена;
- примена на радио станици за комуникација, без примена на мобилни телефони;
- примена на дронови со обучени оператори;
- примена на GPS уреди за полициските возила;
- инсталирање на GPS уреди и на превозните средства на фирмите и поединците кои превезуваат дрво за сметка на ЈПНШ;
- примена на ГИС платформи и анализа на сателитски снимки во временска рамка за следење на шумите о страна на Шумска полиција, Државен инспекторат за шумарство и ловство, ЈП Национални шуми;

За ова е потребен соодветен буџет и вработување или ангажирање на лица кои се соодветно едуцирани и технички спремни за примена на горенаведената технологија.

**Каква е перцепцијата на јавноста за системот за пријавување на нелегална сеча?**
Според наодите од спроведеното истражување на јавното мислење, испитаниците кои се изјасниле дека биле сведоци на нелегална сеча и кои се изјасниле дека истата не би ја пријавиле, 79% од нив како причина навеле дека не веруваат во системот, а 19% се изјасниле дека се плашат.

Тоа укажува дека државата го има засега изгубено населението како главен сојузник во справување со нелегална сеча.

**Кои се проблемите со законската и судската постапка за нелегална сеча?**
Во дискусијата меѓу присутните се чини дека оваа точка предизвика најмногу внимание.

Најпрвин, од претставници на ЈО беше потенцирано дека за добра подготовка на случај со прибирање на докази за сторен прекршок или кривично дело, важно е да се одговори на прашањата: кој сторил дело, каде е точната локација каде е делото сторено, да се опише точен след на настаните, во чија сопственост е шумата и посеченото дрво итн.

Иако претставниците на Шумска полиција и на МЗШВ веруваат дека описот на локацијата според шумската терминологија (оддел/пododдел од поделбата на шумата според

плановите за стопанисување со шумите) е сосема доволен и дека по автоматизам може да се наведе дека оштетена страна е државата, припадниците на ЈО не се сложија со тоа.

Се дискутираше и за тоа дека е потребно во пријавата да се наведе и дали некое лице е повеќе пати санкционирано за слично дело (санкционирано со пресуда, не пријавено), па одтаму од ШП во Скопје одговорија дека во сите пријави тој податок се пишува во униформиран образец, но дека главно пишуваат за тоа колку пати е некое лице пријавено. Бидејќи многу лица се затекнати со превоз на дрво во количини под 1м3, за да избегнат кривична одговорност, се заклучи дека е потребно да или истите се следат и евидентираат со ист прекршок повеќе пати или да се осудат еднаш, па со втората пресуда да се бара и построга казна.

Инаку најспоменуван проблем е примената на судската пракса по пресуда на Судот за човекови права во Стразбур, каде во еден случај одземањето на превозното средсто е оценето како несоодветно на вредноста на товарот кој се превезувал, па аналогно на тоа, во Македонија се применува скоро за секој нелегален превоз на дрво. За таа цел, се заклучи дека е најдобро да се потенцира пред Судот дека возилото е соодветно преправано за употреба во шума, како на пример засилена шасија, дупла трансмисија, извадени задни седишта, примена на нерегистрирани возила за превоз итн. Исто така, кога се одредува вредноста на дрвото што се превезува, да се наведе и штетата која треба да се засмета според Ценовникот за штети објавен во Сл. Весник.

Беше и наведено дека во одредени Судови (Кавадарци) за прекршоци во шума ги применуваат прекршочните одредби од Законот за шуми, кои се далеку повискои од оние во Законот за прекршоци. Оваа констатација беше забележана од претставниците на Судски совет кои заклучија дека за оваа појава ќе се исконсултираат со Судовите во Македонија, како би се применувала судка пракса која ќе биде иста за целата држава. Инаку, во Судовите секогаш се применува поблагата казна спрема прекршителите, како принцип на спроведување на казнени санкции во државата.

**Како се организира нелегалната сеча и кој ја покрива?**

Нелегалната сеча е добро организирана од криминални групи, а проблемот е што дел од криминалот го покриваат и влијателни лица и фирми кои имаат дозволи за сеча. Се спомена дека многу често се ангажираат лица од сиромашни социјални слоеви која ја обавуваат работата на сеча и дотур, а понатака дрвото се превезува во комбиња или камиони, на организиран начин, со следење на движењето на полицијата, а понатака се организира и продажба по населените места. Често пати тука се подразбира и коруптивно инволвирање на одредени лица од институциите кои се директно надлежни за чување на шумите преки оддавање на информации и помагање во извршувањето на делото. Беше споменато и дека во Македонија проблем се околу 30-тина физички лица кои се директно инволвирани во организација на нелегална сеча, лица кои во меѓувреме се стекнале со големо богатство на сметка на нелегална сеча на шумите и дека се тие перманентен проблем многу години, а другите актери кои се инволвираат во сеча, дотур и транспорт се само најмени лица.

Препорака: во овакви случаи најдобро е да се подготви пообемно планирање на претставници на неколку институции, без инволвирање на многу лица за да не се пробие информацијата за спроведување на таква акција, како и вклучување на ПИМ мерки заради соодветно собирање на доказен материјал.

**Што се предлага за подобрување на контролата и казнувањето на незаконската сеча во законската рамка?**
Се предлага прецизирање на законските одредби, подобра координација меѓу институциите, користење на вештаци за утврдување на штетите, и зголемување на казните за прекршителите. Подетално кажано, презентирани се неколку точки кои се идентификувани во рамките на проектот како важни.

1. Во предлог закон за шумите (верзија 5, која е како последна презентирана од МЗШВ во ноември пред засегнатите страни), потребно е да се прегледа одредбата од член 88, став 14 (забранет превоз без жиг и испратница) и прекршочните одредби од членовите 192 став 10, во член 193 став 6, член 194 став 7 (прекршок заради превоз без испратница, според член 88, став 14, меѓутоа жиг не се споменува).

2. Во предлог Закон за шумите, во член 18 (забрана за пустошење на шумите), прагот на пустошење на шумите по површина е растегнат од 0,1 до 1,0 хектар, што е неиздржано, бидејќи сите бесправни активности во овој член водат кон исчезнување на шумата.

3. Во член 226 (пустошење на шума) од Кривичен закон да се воведе одредба:

*“ Тој што пустоши шуми или уништува едно или повеќе дрвја во парк, дрворед или на друго место каде сечата не е дозволена, а со тоа не врши друго кривично дело за кое е предвидена потешка казна, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.”*

Ова е пред се предложено, поради тоа што член 18 од предлог Закон за шумите детално ги опишува активностите кои водат кон пустошење, како и праговите по површина.

4. Во член 235, предложено е да се воведат и два нови става:

*“ (X1) Тој што без согласност, одобрение или договор за сеча од сопственикот на шума или од корисникот на државна шума сече шумски видови на дрвја, се смета дека извршува обид за одземање на дрвја од туѓа шума. ”*

*“ (X2) Тој што превезува или пренесува исечени шумски дрвни производи без испратница и без соодветен жиг, се смета дека дрвните производи ги одземал од туѓа шума. ”*

Во однос на оваа дискусија претставниците на Судски совет и Јавно обвинителство се изјаснија дека на може да дискутираат, бидејќи не се соодветно спремни за тоа и упатија да се обратиме до работната група која работи на нов Кривичен закон. Претставник на ЈПНШ се изјасни дека мора со законската рамка да опфатиме што поголем број на прекршители, како оние кои превезуваат дрво без испратница и жиг, во возила кои се наменски спремани за тоа, со што ги поддржа дискусиите за адаптација на законската

рамка според потребите и реалноста. Од претставник на Судскиот совет се достави забелешка дека мора да се работи на затегање на законската рамка, зголемување на казните за прекршоци во шума и евентуално измена и во Закон за прекршоци, заради сегашна пракса на донесување на многу мали казни за прекршоци сторени во шума.

Препорака: проектот ќе оствари контакт со работната група која работи на нов Кривичен закон, а препораките за новиот Закон за шуми смета дека се веќе соодветно пренесени претходно, но и со содржината на ова Резиме.

**Кои се проблемите спомнати во врска со казнената евиденција?**
Проблемот е што нема централна казнена евиденција на национално ниво, што отежнува проверка дали некој сторил прекршок на целата територија на државата. Констатирано е дека евиденција се води само за територијата за која е надлежен одреден суд, според зборовите на претставник на Судски совет. Од претставник на шумска полиција беше претставен пример за пријава против одредено лице, каде се наведува дека лицето е 30 пати пријавено за ист прекршок, но претставниците од Судски совет наведоа дека е важно да се наведе само ако има пресуда за поденсена прекршочна или кривична пријава против лицето.
Од друга страна, за еден од случаите за кој Шумска полиција изрази особен интерес, кога во 2023 година биле на лице место фатени повеќе лица како пустошат шума во државна сопственост, ОЈО од Скопје излезе со информација дека делото е веќе пресудено, каде после првостепена пресуда условен затвор, во второстепена пресуда се казнети лицата со парична казна. За оваа пресуда претставникот од Шумска полиција се изјасни дека нема досега добиено никаква информација за исходот на овој случај.

Препорака: да се воведе задолжителна пракса за известување за текот на процесот, од ицституцијата која пријавува кривично дело (во овој случај Шумска полиција) и оштетената страна (во овој случај државата, преку МЗШВ).

**Дали има проблеми со координацијата меѓу институциите?**
Има проблеми со координацијата и информирањето помеѓу институциите, што понекогаш доведува до неефикасни акции. Особено постојат проблеми при подготовка и поднесување на кривична пријава, кога оригиналните документи, изјави и докази ги презема МВР и ги доставува до ЈО со кривична пријава. Притоа многу често нема понатамошна комуникација од МВР кон ШП за текот на случајот, истрагата итн. Ова особено се покажа дека е случај во Скопје. Од другите подрачја се чини тоа не е таков случај, барем така се изјаснија претставниците на ЈО од Кичево и ЈО од Струга, кои рекоа дека нивната комуникација со МВР и ШП е секојдневна.

Препорака: да се разговара на високо ниво и да се воведе меѓу институционален протокол за информирање во текот на постапката. Ова особено ќе овозможи соодветна реакција од ШП или ЈПНШ доколку не се соодветно елаборирани доказите и теориите на настанот за кој се бара кривична одговорност.

**Што се споменува за улогата на вештаците во процесот?**
Вештаците се потребни за утврдување на штетите и за да се обезбедат докази во судските постапки за прекршоците поврзани со шумите. Најчесто не се побарува штетата која се пресметува по отштентиот ценовник (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.75/2010),

така да казните за прекршок се мали и дури и недостојни за сериозноста на делото. Пример, по информацијата за исходот на случајот на СЦГ, кога беа затечени повеќе лица, со транспортни средства, моторни пили и исечено дрво, исходот беше секој од нив да е казнет со казна од некаде 20 - 30.000 денари, како замена за условната казна. Доколку бил засметан и минимален износ на оштета по оштетниот ценовник, тогаш износот (за евидентирани отприлика 400 м3 нелегално дрво) би бил, некаде 2.800.000 денари.

- Зошто МВР не ја утврдува соодветно штетата, во овој случај во шума која е во државна сопственост?

- Дали соодветно биле ангажирани вешти лица за ова прашање и дали е штетата утврдена согласно Ценовникот кој е објавен во Службен весник?

- Ако штетата била утврдена според Ценовникот, тогаш Судот не ја прифатил штетата, зошто?

Координативниот состанок не успеа формално да донесе и содржина со конкретни мерки кои би ги предложила до Владата и соодветните Министерства, но Резимето од водените дискусии е солидна основа за таков иден чекор. Бидејќи проектот трае до крајот на февруари 2026 година, ќе се преземат соодветни чекори за афирмација на некои од препораките опишани во текстот погоре.

Сашо Петровски
координатор на проектот

Скопје, 02 декември 2025